# ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА ВО СФЕРАТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ОРГАНИЗАЦИСКО – СТРУКТУРНИТЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ

## АПСТРАКТ


Со пренесувањето на компетенциите на одлучување и одговорност за образованието на локалната самоуправа, образовниот систем се трансформира во збир на децентрализирани, флексибилно изградени образовни единици кои се во взаемни односи на условување, и се гради цел систем на образование кој има атрибути на повеќе адаптибилност кон конкретните економски и социјални услови. Основниот аргумент кој зборува во прилог на децентрализацијата на образованието се поврзува за подобрување на алокацијата на ресурси, а со тоа и на економската ефикасност и подобрувањето на резултатите од образованието. Она што се поставува како дилема за спроведување на децентрализацијата во овој момент е прашањето на квалитет и степенот на одговорност на локалните власти да ја превземат одговорноста за образованието.

Оваа докторска дисертација е насочена кон процесот на децентрализација на образованието, придобивките и заканите што произлегуваат од него.

Проблемски, истражувањето е насочено кон директна анализа на процесот на децентрализацијата во сферата на образованието во Република Македонија, а предметно е концентрирано во правец да ги детектира специфичните врски и меѓузависности на низа т.н. „тврди и меки“ варијабли – детерминанти на промените, набљудувани во услови на актуелно и реално работење и окружување. Посебен сегмент на истражувањето претставува обидот, низ една теренска анализа на постојната раководна (менаџерска) структура во образовните институции во Република Македонија да се постават рамките на теориски модел на „успешен директор - менаџер на промените“.

Покрај општата проблемска рамка, во дисертацијата се специфицираат неколку нивоа на прашања и потпроблеми кои произлегуваат од повеќеслојноста на процесот и неговата мултифакторска детерминираност.

Истражувањата покажуваат дека во Република Македонија се потребни неколку интервенции за поуспешно спроведување на отпочнатата децентрализација на образованието:

Како прво, за успешна децентрализација е потребно реструктуирање на институциите за поддршка и развој на образованието кои што делуваат на централно ниво во состав и надлежност на Министерството за образование и наука.

Како второ, на локално ниво треба да се воспостават механизми кои ќе овозможат непречено функционирање на училиштата како носители на воспитно-образовната дејност и координирање на релациите со централната власт.

Како трето, децентрализацијата подразбира поголема автономност на училиштата и нивна можност да одлучуваат за многу витални прашања од нивниот домен, со напомена дека тоа значи и преземање на поголема одговорност за резултатите од нивното работење.

Крајно, во контекст спецификацирањето на проблемските прашања со кои се занимава дисертацијата, како што веќе спомнавме, посебно е акцентирана клучната улога на директорот (менаџерот) на училиштето. Неговата оспособеност и компетентност за самостојно одлучување, функционално спроведување на самоевалуација, изготвувањето на функционални развојни планови на училиштата и годишни програми за работа на училиштата, како и активностите на транспарентна, отворена, навремена и квалитетна комуникација со јавноста, со право се издиференцира како посебен проблем кој предметно ќе се третира како клучниот фактор за ефикасно спроведување на децентрализацијата во образованието.

**Клучни зборови***: децентрализација, образовен систем, локална самоуправа, училиште, училишен директор*

## THE PROCESS OF DECENTRALIZATION IN EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA EMPHASIZING ORGANIZATIONAL - STRUCTURAL AND PROFESSIONAL COMPETENCIES


# ABSTRACT

By transferring decision-making powers and responsibility for the education of local government education system is transformed into a set of decentralized, flexible built educational units in mutual relations of conditioning, and build a whole system of education that has the attributes of more adaptability to the specific economic and social conditions. The basic argument that speaks in favor of decentralization of education is related to improving the allocation of resources, and thus economic efficiency and improving educational outcomes. What is presented as a dilemma for implementing decentralization at this point is the issue of quality and the degree of responsibility of the local authorities to take responsibility for education.

This doctoral dissertation is aimed at the decentralization of education, benefits and threats resulting from it.

The research problem is focused on direct analysis of the process of decentralization in education in Republic of Macedonia, and the matter is concentrated in the direction to detect specific relationships and interdependencies of a series of so-called „hard and soft" variables - determinants of the changes observed in terms of current and real operations and environment. A special segment of the research represents an attempt, through a field analysis of existing managerial (managerial) structure of educational institutions in Republic of Macedonia, lay within the theoretical model of „successful director - manager of changes".

Despite the general frame of the problem, the dissertation specifies several levels of questions and subproblems arising from multiple layers of process and his determination multifactorial.

Studies show that in the Republic of Macedonia require several interventions for successful implementation of the commenced decentralization of education:

Firstly, for successful decentralization necessary restructuring of institutions for support and development of education that act on the central level and within the jurisdiction of the Ministry of Education and Science.

Secondly, at the local level we need to establish mechanisms that will ensure smooth functioning of schools as carriers of educational activities and coordinating relations with the central government.

Thirdly, decentralization involves greater autonomy for schools and their ability to decide on many vital issues of their domain, stating that it means taking greater responsibility for the results of their work.

Finally, in the context specifying problem-questions dealt with the dissertation, as already mentioned, it is particularly emphasized the key role of the director (manager) of the school. His qualifications and competence for independent decision making, functional implementation of self-evaluation, preparation of functional development plans of schools and annual work programs of schools, as well as activities of a transparent, open, timely and quality communication with the public, rightly izdiferencira as particular problem which the matter will be treated as a key factor for the effective implementation of decentralization in education.

**Keywords***: **decentralization, educational system, local government, school, school principal***